РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 09-1763/3
30-07-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на 36 – тата седница, одржана на ден 23.07.2020 година донесе

**О д л у к а**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето ------, генерален директор на А.Д. --------, но и поради промена на фактичката состојба, лицето ---------- повеќе не ја извршува функцијата генерален директор на А.Д. -------, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-5815/1 од 30.12.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-5815/1 од 30.12.2019 година е оформен врз основа на поднесена пријава од лицето ----------- против --------, поранешен генерален директор на А.Д. -------, со наводи дека истиот има влијание во постапка за вработување на лицето ---------, блиско лице на поранешниот пратеник -----------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до А.Д. -------- за достава на документација која се однесува на постапката за вработување на лицето ---------.

По разгледување на доставената документација од страна на А.Д. ---------- за лицето -----------, Државната комисија констатира дека на ден 10.10.2018 година, од страна на А.Д. --------- доставено е до Министерство за финансии Барање со бр. 02-6934 за добивање на согласност за пополнување на 23 работни места, кои се испразнети согласно Правилникот за систематизација на работните места со образложение - зголемен обем на работа. Во барањето за согласност, наведено е и работното место Референт преведувач во Оддел за развој и инвестиции. По добивање на согласност за вработување, А.Д. --------- донесе Одлука за потреба од засновање на работен однос за конкретно наведени работни места во согласноста и објави Јавен оглас во два весника.

На 24.10.2018 година во два весника објавен е Јавен оглас за 23 работни места, вклучувајќи го и предметното работно место „ Референт преведувач во Оддел за развој и инвестиции ".

Во врска со административната селекција – утврдување на навременоста и комплетноста на поднесената документација и исполнетост на пропишаните услови, Службата за селекција , професионален развој и планирање, ги примила на ден 31.10.2018 година сите апликации и ги разгледала и изготвила Листа на апликанти за сите 23 работни места.

На 08.11.2018 година формирана е комисија за селекција со Решение бр.02-8430, со задача да направи селекција од по 5 кандидати за секое работно место.

На 03.12.2018 година Комисијата за селекција до Генералниот директор доставила Извештај со бр.08-8430/2 во кој наведува дека спровела интервјуа со кандидатите што имале доставено целосна, уредна и навремена

документација, со прашања од струката/материјата за која се однесува работното место, за што Државната комисија утврди дека не се спроведени тие интервјуа. За предметното работно место пријавени биле 40 кандидати и комисијата утврдила листа од 5 кандидати во Извештајот, каде именуваната кандидатка е трета. Нема записник од интервјуата, ранг листа, ниту записник за бодирање на кандидатите.

На истиот ден 03.12.2018 година Генералниот директор на А.Д. --------- носи Одлука со бр.02-7732/1 за избор на кандидат по Јавен оглас со која на работно место Референт преведувач во Оддел за развој и инвестиции е избрана --------- и со истата е склучен Договор за вработување со бр.02-9485 од 20.12.2018 година.

Во недостиг на ранг листа, ниту записник за бодирање на кандидатите, очигледно е постоење на висок степен на дискреција Генералниот директор да одредува со кое лице ќе се склучи договор за вработување, со што настанува прекршување на начелото на еднаквост и злоупотреба на дискреционото право од страна на службените лица.

Во овој случај, иако вработувањето е спроведено согласно Законот за работните односи кој иако изричито не предвидува одредена постапка при вработување за секоја област, член 6 и 7 од истиот закон забранува секаква директна или индиректна дискриминација, што подразбира дека е обврска на работодавачот да донесе интерна постапка за спроведување на фер и транспарентна постапка за вработување.

Државната комисија констатираше дека од страна на одговорното лице на А.Д. ---------- е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања не ја донел одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека лицето ---------, генерален директор на А.Д. ---------- постапил спротивно и на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но поради промена на фактичката состојба, односно лицето ------- повеќе не ја извршува функцијата генерален директор на А.Д. -------- бидејќи истиот е разрешен од страна на Владата на РСМ на ден 26.07.2019 година, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

На седницата одржана на ден 23.07.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК